РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 09-2674/2
12-08-2020 г./v.

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) 30-тата седница, прво продолжение, одржана на ден 18.05.2020 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09-2071/1 од 28.03.2019 година, односно не е утврдено влијание при постапка за вработување на ----------- во АД „ЕЛЕМ", од страна на -------------, советник на Генерален директор на АД „ЕЛЕМ".

Предметот со број 09-2071/1 од 28.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-2071/1 од 28.03.2019 година е оформен врз основа на пријава, а се однесува на постапка за утврдување постоење судир на интереси за лицето ----------, во постапка за вработување во АД ЕЛЕМ, кое е ќерка на -------------, советник на Генерален директор на АД „ЕЛЕМ".

Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до АД ЕЛЕМ, со цел прибирање на документи, податоци и информации заради утврдување на фактичката состојба и испитување на наводите од пријавата за постоење на состојба на судир на интереси.

Побараните податоци од наведената институција беа уредно доставени, согласно законскиот рок.

На седницата одржана на ден 18.05.2020, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека не се потврдуваат наводите во пријавата, бидејќи лицето -----------, ќерка на -------------, советник на Генерален директор на АД „ЕЛЕМ" е вработено на работно место ----------------, отворено по Јавен оглас ------------ од 18.12.2018 и истата била единствен кандидат.

Имено, од доставената документација, Државната комисија утврди дека горенаведеното работно место ------------------------- не е наменски креирано непосредно пред вработувањето на лицето -------------, односно било предвидено во Систематизацијата на работни места на АД ЕЛЕМ и за истото работно место се планирани и обезбедени финансиски средства согласно Финансискиот план од 2018 година. За истото работно место се пријавил само еден кандидат, односно лицето ------------------ која ги има исполнето сите услови кои се предвидени во Јавниот оглас. Со наведеното лице е спроведено интервју на ден 24.12.2018 година, при што Комисијата за селекција на кандидати кои аплицирале по Јавниот оглас со решение бр. 02-3881/2 од 31.08.2018 година, изготвиле Извештај за својата работа. Во наведениот извештај е утврдено дека за работното место ---------------------- е пријавен еден кандидат кој ги исполнува сите услови од Огласот и предложиле најсоодветни кандидати за сите работни места од Јавниот Оглас, помеѓу кои и за наведеното работно место. Извештајот бил доставен до Генералниот директор, кој донел Одлука за избор на кандидати по јавен оглас -------------------.

Согласно погоре наведеното не е утврдено влијание при постапка за вработување на блиско лице, од страна на ---------------------, советник на Генерален директор на АД „ЕЛЕМ".